РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 123-401
29.09 2014 година
Скопје

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 39 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2014 година бр.10-4670/2 од 25.09.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради регистрирани телешопинг спот и реклама во кои тонски е прикажано е лице кое редовно презентира вести на телевизијата, од страна на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 29.09.2014 година го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), односно поради тоа што се регистрирани телешопинг спот и реклама во кои тонски е прикажано лице кое редовно презентира вести на телевизијата.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на содржината, период на емитување, времетраење и опис на прекршување), во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2014 година бр.10-4670/2 од 25.09.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 6 септември 2014 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД Телевизија АЛСАТ–М ДОО Скопје, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, на 6 септември 2014 година, се регистрирани телешопинг спот и реклама во кои тонски е прикажано лице кое редовно презентира вести на телевизијата. Имено, во анализираниот ден се регистрирани телешопинг спот и реклама во кои тонски е прикажан препознатливиот презентер на вестите на Алсат–М Телевизија, Авди Бакиу.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на содржината, период на емитување, времетраење и опис на прекршување), во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2014 година бр.10-4670/2 од 25.09.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 39 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2014 година бр.10-4670/2 од 25.09.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**в.д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1) Извештај од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2014 година бр.10-4670/2 од 25.09.2014 година.

Доставено до:

- Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.